# Голема изложба на македонски уметници во Париз



„Крилја“ - 2007, Мира Митрова

На 14 мај во Сите де арт, Друштвото на ликовни уметници ќе изложи 110 дела од 107 члена

**Катерина Богоева**

Ликовни дела на 107 македонски уметници ќе бидат презентирани во Париз на заедничка изложба што ќе биде отворена на 14 мај во 18.30 часот, во целиот изложбен простор на познатото Сите Де арт.

На ова второ по ред претставување во градот на уметноста, организирано од Друштвото на ликовните уметници на Македонија по пауза од десет години кога биле презентирани дела од 77 автори, публиката во седум изложбени салони ќе има можност да види 110 дела.

На отворањето на изложбата е предвидено обраќање на македонскиот амбасадор во Франција, Јон Ивановски, на претставникот на УНЕСКО Јордан Плевнеш, а се очекува пред присутните да се обрати и висок претставник од Париз кој треба да говори за долгогодишните релациите меѓу Македонија и Франција . Пред париската публика до 1 јуни ќе бидат презентирани дела работени во најразлични техники, од автори кои припаѓаат на различни генерации, но со акцент на помладата авторска ликовна сцена.



Предвидено е потоа, изложбата извесно време да биде отворена и во просториите на македонската амбасада во Париз.

Сегашното раководство на ДЛУМ, чии што претставници вчера одржаа прес - конференција во Скопје, е задоволно од поддршката за организирање на значајната презентација на дел од македонската култура што ја добиле од Министерството за култура, Градот Скопје, Музејот на современата уметност, Музејот на град Скопје и од неколку приватни фирми, потенцирајќи дека во изминатиов период, успеале и да анимираат одреден број на еминентни имиња од француската ликовна сцена, од општествено - политичкиот живот на Париз, а очекуваат и тамошните медиуми да покажат интерес за информирање.

„Во сеуште неповолните моменти за Република Македонија, која незнам по кој пат бара лична идентификација во светот, ние уметниците , сплотени во нашата асоцијација со традиција долга повеќе децении, даваме допринос во културолошка смисла со етаблирање на македонската современа уметност во Франција, земја чиј збор се цени во процесот на евроинтеграциите. Посакуваме во иднина да не се прават големи паузи при нашето претставување во значајните светски центри“ - изјави претседателот на уметничкиот совет на ДЛУМ, Милош

Коџоман.



„Предел“, Илиријан Беќири

Изложбата најавена како сумиран резултат на случувањата на полето на ликовната сцена во земјава, е конципирана по извршената селекција од страна на ликовните критичари Владимир Величковски и Небојша Вилиќ. „Делата може да се читаат како одделни остварувања во контекст на едно традиционално шаренило на периоди и вредности. Сепак, меѓу нив можат да се препознаат и некои знаци на новиот сензибилитет, чии носители се уметниците од помладите генерации“ - забележува Величковски.

Небојша Вилиќ пак посочува:„размената во Париз, светското средиште на уметноста, за повеќето членови на ДЛУМ ја има важноста и како светско средиште на современата, тековна уметност и изложувањето во него се поставува, а и наложува како своевиден императив. Оттука кој и каков избор од дела да се направи, и како тој избор да ја изрази актуелноста на творечкиот миг, се насочува кон широкиот спектар на изразности, интереси и побуди“.

Во Париз меѓу 107 - те автори кои ќе се презентираат со по едно дело се: Решат Амети, Наташа Андонова, Ѓоко Антониев, Илиријан Беќири, Емилија Е. Божиновска, Борјана Божиновска, Тони Васиќ, Васил Василев, Лидија Вујисиќ, Јулијана Гешовска, Сергеј Дамовски, Соња Димитрова, Новак Димитровски, Елена Ѓорѓиевска, Никола Иванов -Балтон, Сабрина Јанева, Нафи Јашари, Ѓорѓе Јовановиќ, Илија Кавкалевски, Едип Лога, Димитар Малиданов, Рената Миланова, академик Боро Митриќевски, Ангеле Нацевски, Таки Павловски, Лидија Саздовска,Виолета Силјан, академик Томе Серафимовски, Никола Смилков, Ристо Соколов, Мира Спировска, Сафет Спахиу, Тања Таневска, Ана Темкова, Дијана Томиќ, Филип Фидановски, Грозданка Филипова, Маја Џартовска Хил, Стеван Цигаридов, Глигор Чемерски и др. Авторите Трајче Јанчевски, Владимир Георгиевски и Александар Јанкуловски -Џане се застапени со по две дела.